Врз основа на член 165 став 12 од Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005), министерот за животната средина и просторно планирање во согласност со министерот за финансии, донесуваат

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ВРАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ПРОИЗВОДСТВО И УВОЗ НА ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ, НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ И ПЛАСТИЧНИ ПРОИЗВОДИ И АМБАЛАЖИ ОД ПЛАСТИЧНИ МАСИ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се пропишуваат условите, начинот и постапката за враќање на надоместокот за: увоз и производство на тутунски производи од член 183 од Законот за животна средина, увоз и производство на нафтени деривати од член 184 од Законот за животна средина, и пластични производи и амбалажа од пластични маси од член 185 став (1) точка 1 од Законот за животна средина.

### Член 2

Надоместокот од член 1 од овој правилник се враќа на правно односно физичко лице кое е евидентирано како обврзник за плаќање на надоместокот согласно Законот за животна средина (Во понатамошниот текст: обврзник).

## II. УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ, ПОСТАПКАТА ЗА ВРАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ

### Член 3

(1) Враќање на уплатен надоместок од член 1 од овој правилник се врши за уплатениот надоместок за производство односно увоз, доколку произведената односно увезената количина на производи е извезена. Уплатениот надоместок за производство или увоз се враќа во висина на извезена количина на производи.

(2) Заради враќање на уплатениот надоместок од член 1 од овој правилник, обврзникот може до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, да поднесе барање за враќање на уплатениот надоместок, со образложение на барањето.

(3) Обврзникот го поднесува барањето за враќање на уплатениот надоместок од став (2) од овој член најдоцна во рок од 1 година од денот на уплаќањето на надоместокот.

(4) Обврзникот го поднесува барањето од став (2) од овој член на секои три месеци заедно со Образецот 2 од Правилникот за начинот, постапката и роковите за утврдување, пресметување, уплатување на надоместоците; начинот и постапката за водење, одржување и чување на евиденцијата за пресметаниот и уплатениот надоместок; за содржината, начинот и роковите за воспоставување, одржување и водење на евиденцијата на обврзниците, како и начинот на доставување на податоците за водење на евиденцијата („Службен весник на Република Македонија" број 115/2005).

(5) Кон барањето од став (2) од овој член, обврзникот доставува:

- известување за случаите за извезена количина на производите од член 1 од овој правилник за која е пресметан и уплатен надоместок

- фактурата врз основа на која е пресметан и уплатен надоместокот, и
- извозна царинска декларација како доказ дека количината на производот на кој е пресметан и уплатен надоместокот е извезен од Република Македонија;

(6) Обврзникот известувањето за извезените количини на производи од член 1 од овој правилник, го доставува на образецот даден во Прилогот  кој е составен дел од овој правилник.

(7) Обврзникот го потполнува  и доставува  Образецот од став (6)  од овој член за секое тромесечие во кое е уплатен надоместокот за кој се бара враќање, поединечно.

Член 4

(1) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, во рок од 30 дена од денот на прием на барањето од член 2 став 2 од овој правилник, го донесува решението за враќање на уплатен надоместок од член 1 од овој правилник.

(2) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животна средина, по еден примерок од решението од став (1) од овој член, доставува до обврзникот и до органот на државната управа надлежен за работите од областа на  финансиите.

(3) Во рок од 30 дена од денот на прием на решението од став (1) од овој член, органот на државната управа надлежен за работите од областа на финансиите врши поврат на средствата во висина утврдена со решението.

III. ОДРЕДБА ЗА ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”, а ќе се применува од 1 јануари 2006 година.

Бр. 07-5707/1
22 декември 2005 година
Скопје

Министер за животна
средина и просторно планирање,
д-р **Зоран Шапуриќ,** с.р.

Бр. 02-33676/2
21 декември 2005 година
Скопје

Министер
за финансии,
м-р **Никола Поповски,** с.р.

# ПРИЛОГ

Образец за известувањето за случаите за извезена количина на производи за враќање на надоместокот

| | |
|---|---|
| 0* Број на барањето | 0* |
| 1* Единствен број за животна средина: | 1* |
| 2* Број на известувањето за враќање на надоместокот | 2* |

| 3** Назив/фирма и седиштето на обврзникот: | 4* Назив/фирма и седиштето на деловниот субјект којшто го извршил извозот | 5* Единствен даночен број и бројот на деловниот субјект којшто го извршил извозот | 6* Број на известувањето за уплатен и пресметан надоместок | 7* Лице за контакт за известувањето |
|---|---|---|---|---|
| 3* | 4* | 5* | 6* | 7* |

| 8* ВИД НА НАДОМЕСТОК | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 8.1* Вид на надоместок | 8.2* Дата на уплата на надоместокот | 8.3* Вид на документ за пресметка на надоместокот | 8.4* Број на документ за пресметка на надоместокот | 8.5* Висина на надоместокот пресметан и уплатен надоместок (поединечна вредност) | 8.6* Висина на надоместокот кој се враќа (поединечна вредност) |
| 8.1* | 8.2* | 8.3* | 8.4* | 8.5* | 8.6* |
| 8.1* | 8.2* | 8.3* | 8.4* | 8.5* | 8.6* |
| 8.1* | 8.2* | 8.3* | 8.4* | 8.5* | 8.6* |
| 8.1* | 8.2* | 8.3* | 8.4* | 8.5* | 8.6* |
| ВКУПНО НАДОМЕСТОЦИ ЗА ПОСЛЕДНИТЕ ТРИ МЕСЕЦИ | | | | 8.7* | 8.8* |

Место, Дата

________, ___/___/___година

мп.

Потпис на одговорното лице

______________________________

# УПАТСТВО
## за пополнување на Образецот

| | |
|---|---|
| **Податок 0*** | Се внесува шифрата за тромесечието за кое се доставува, редоследниот број на барањето за враќање на надоместокот, и годината (Пример I-01-2005)<br>Шифрата за тромесечието за кое се доставува известувањето во случајот за извезени количини на производи за враќање на надоместокот, е: |

| Тромесечие | Шифра |
|---|---|
| за месеците јануари, февруари и март, | I |
| за месеците април, мај и јуни, | II |
| за месеците јули, август и септември, | III |
| за месеците октомври, ноември и декември во претходната година, | IV |

| | |
|---|---|
| **Податок 1*** | Се внесува идентификациониот број за животна средина утврден согласно евиденцијата на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина |
| **Податок 2*** | Се внесува бројот на барањето за враќање на надоместокот од член 3 став 7 од овој Правилник. |
| **Податок 3*** | Се внесуваат податоци за називот/фирмата и седиштето на обврзникот за плаќање на надоместокот согласно податоците запишани во трговскиот регистар. |
| **Податок 4*** | Се внесуваат податоци за називот/фирмата и седиштето на лицето кое го извршило извозот на производите за кој се пресметан и платен надоместокот согласно податоците запишани во трговскиот регистар |
| **Податок 5*** | Се внесува Единствениот даночен број на лицето и бројот на деловниот субјект кое го извршило извозот на производите за кој е пресметан и платен надоместокот од известувањето од Заводот за статистика |
| **Податок 6*** | Се внесува бројот на известувањето за пресметан и уплатен надоместок. |
| **Податок 7*** | Се внесуваат податоци за одговорното лице надлежно за подготовка на известувањето |
| **Податок 8.1*** | Се внесува шифрата односно шифрите за видот на надоместокот кој го уплатил лицето и тоа: |

| Вид на надоместок | Шифра |
|---|---|
| надоместок за заштита на животната средина при увоз на тутунски производи | ЖСУ- 03 |
| надоместок за заштита на животната средина при производство на тутунски производи | ЖСП- 01 |
| надоместок за заштита на животната средина при увоз на нафтени деривати | ЖСУ- 04 |
| надоместок за заштита на животната средина при производство на нафтени деривати | ЖСП- 02 |
| надоместок за заштита на животната средина за производство на пластични производи и амбалажа од пластични маси | [illegible] |
| надоместок за заштита на животната средина за увоз на пластични производи и амбалажа од пластични маси | [illegible] |

Се внесува шифрата за секоја уплата и за секој надоместок посебно.

| | |
|---|---|
| **Податок 8.2*** | Се внесува датумот кога е извршена уплата на надоместокот за секоја уплата и за секој надоместок посебно |
| **Податок 8.3*** | Се внесува шифрата за видот на документот врз основа на кој е извршена пресметка на надоместокот и тоа: |

| Видот на документот | Шифра |
|---|---|
| Фактура | 1 |
| Царинска декларација | 2 |

| | |
|---|---|
| **Податок 8.4*** | Се внесува бројот на документот од податокот 8.3* |
| **Податок 8.5*** | Се внесува износот на надоместокот кој е уплатен на соодветната уплатна сметка (во денари) за секоја уплата и за секој надоместок посебно |
| **Податок 8.6*** | Се внесува износот на надоместокот уплатен на соодветната уплатна сметка (во денари) кој се бара враќање и тоа за секоја уплата и за секој надоместок посебно |
| **Податок 8.7*** | Се внесува вкупниот збир на платениот износ за сите надоместоци за последните три месеци |
| **Податок 8.8*** | Се внесува вкупниот збир на уплати на соодветната уплатна сметка (во денари) кој се бара враќање за последните три месеци |